Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 139/0306
25.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Кристина Ампева го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „НИКОБ: Тенденциозни и крајно непрофесионални се нападите кон компанијата – работиме според највисоки стандарди", објавен на 20 април 2023 на интернет-порталот Инфомакс.мк, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20 април 2023 година, Кристина Ампева поднесе жалба за содржина со наслов „НИКОБ: Тенденциозни и крајно непрофесионални се нападите кон компанијата – работиме според највисоки стандарди“, објавена на 20 април 2023 на интернет-порталот Инфомакс (infomax.mk). Во жалбата се наведува дека во содржината се прекршени членовите 2 и 9 од Кодексот, односно има прекршувања по основ на незастапена втора страна и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата се наведува дека „На прес конференција од страна на здружението Гласен текстилец во врска со пријави од работници од компанијата Никоб ДОО, наведените портали го објавиле демантот на Никоб иако претходно не објавиле за прес конференцијата и соопштението на Гласен Текстилец.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Инфомакс.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Инфомакс одговори и се изјасни со следните податоци: „ Мислам дека ви е грешка адресата на жалбата. Прво, на документот во прилог се гледаат коментари од порталот „Пулс24“ со кој немаме никаква врска. Второ, демантот на НИКОБ е објавен бидејќи претходно го објавивме ставот на Гласен Текстилец, затоа и од компанијата испратиле демант кој сме обврзани да го објавиме согласно Етичкиот Кодекс на ЗНМ.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека има прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 26 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата констатира дека во случајов станува збор за информација која нема никаков податок за претходни случувања и дека публиката нема основна информација за што станува збор и со тоа е прекршен кодексот на новинари во член 1 каде е нотирано:

„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.“

Во контекст на членот 1, а според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, членот 1.2. предвидува: Онлајн медиумите нема да прикриваат или премолчуваат важни информации чие објавување би можело да влијае врз толкувањето или разбирањето на содржината на извештајот од страна на читателите. Премолчувањето на фактите кои можат битно да влијаат врз формирањето на ставот за некој настан или личност е еднакво на намерно искривување на реалноста и создавање дезинформации.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595